Групацијата *LIBERTY Steel Group*, како дел од *GFG Alliance*, е глобална компанија за челик и рударство со над 30.000 вработени на повеќе од 200 локации на четири континенти. Тоа е меѓународен бизнис со интегрирана понуда - од производство на течен челик направен од суровини и рециклирани материјали до челици со голема прецизност и придружни услуги, достапни за клиенти ширум светот.













Либерти Скопје, како дел од Либерти Стил Групацијата, е еден од најголемите производители на челични производи на Балканот и нуди ладновалани, поцинкувани и пластифицирани производи, главно за сегментот на општа индустрија на регионалниот пазар. Ние веруваме дека нашата позиција во челичната и рударската индустрија носи уникатни можности.

За потребите на нашето производство, ги покануваме сите заинтересирани лица да аплицираат за следната позиција:

# Оператор на пластификација (оддел Пластификација)

### Клучни одговорности

- Врши одбирање на котури од плацот
- Ја врши операцијата спојување на котур
- Ги запазува технолошко техничките параметри
- Ги припрема кадите за хемискот третман на траката
- Ја одржува концентрацијата на растворите во када
- Преточува киселина на 5 када
- Ги чисти бризгалките за чистење на траката
- Ги средува хемикалиите во помошниот магацин и го известува сменскиот раковидител кои хемикалии треба да се требуваат
- Носи проби во погонска лабараторија за проверка на концентрацијата на растворите во кадите
- Ги лужи цевките за чистење на траката
- Врши преглед на исправноста на печките и ја контролира брзината на линијата во однос на темпрературата и дебелината на трака
- Го управува движењето на целата линија
- Го регулира затегнувањето
- Ги обележува котурите на излезниот дел по редослед на процесирање
- Вага котури
- Помага при пакување на котури

### Личен профил:

- Можност за работа во 3 смени
- Строго почитување и примена на стандардите за Здравје и Безбедност при работа

### Што нудиме:

Динамична работна средина во која се стимулира учење и професионален развој. Конкурентен надомест како и **ПРИВАТНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Напомена: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација ние ќе ги обработуваме Вашите лични податоци како преддоговорна активност или, доколку се согласите ќе ги чуваме во нашата база на кандидати. Вие можете да ја повлечете Вашата согласност во секое време со испраќање на барање на електронската пошта: HRJobs.Skopje@libertysteelgroup.com. Повеќе информации можете да најдете во Известувањето за приватност за кандидати за вработување: https://libertysteelgroup.com/mk/vacancies/